РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Универзитет „Св. Кирил и Методиј„ Скопје
Правен факултет „Јустинијан Први„ Скопје

# УПАТСТВО
# ЗА ИЗРАБОТКА НА МАГИСТЕРСКИ ТРУД
# НА ВТОР ЦИКЛУС СТУДИИ СПОРЕД ЕКТС

**Скопје**

**Јануари, 2010**

## СОДРЖИНА

**I. Услови и начин на пријавување на магистерскиот труд**

**II. Подготовка на магистерскиот труд**

**III. Постапка за оценка и одбрана на магистерскиот труд**

**IV. Одбрана на магистерскиот труд**

**V. Технички правила за подготовка на магистерскиот труд**

**VI. Дисциплинска одговорност за плагијаторство**

**Анекс 1 – Образец за пријавување на магистерски труд**

**Анекс 2 - Насловна страна на магистерскиот труд**

**Анекс 3 - Извештај од Комисијата за оценка на трудот**

Врз основа на член 37 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, во согласност со член 47 од Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв и втор циклус универзитетски студии и членовите 225 до 234 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, Наставно – научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први„ во Скопје на седницата одржана на 29.01.2010 година го донесе следново

# УПАТСТВО
## за изработка на магистерски труд на втор циклус студии според ЕКТС

### I. Услови и начин за пријавување на магистерскиот труд

- Пријава за изработка на магистерски труд може да поднесат само студенти кои ги положиле сите испити од вториот циклус на студии и се стекнале со 270 кредити;
- Студентот избира тема за магистерски труд во консултација со менторот. Темата ја потврдува Колегиумот на последипломските (мастер) студии и ја усвојува Наставно - научниот совет на Факултетот;
- Пријавувањето на магистерскиот труд се врши на посебен образец (види Анекс 1 на ова Упатство);
- Студентот избира тема за магистерски труд од листата на теми утврдени од страна на Наставно-научниот совет од соодветната насока на последипломските (мастер) студии или тема што ќе се определи во договор со менторот;
- Насловот на прифатениот магистерски труд се објавува во Билтенот на УКИМ и на веб страницата на Факултетот на македонски и на англиски јазик;
- Кандидатот е должен пријавата за изработка на магистерски труд да ја пријави и преку своето електронско досие, по што Канцеларијата за ЕКТС електронски ќе ја препрати пријавата до раководителот и секретарот на конкретната насока на последипломските (мастер) студии;
- Покрај во електронска форма, кандидатите се должни пријавата за изработка на магистерски труд да ја достават и во хартиена форма, во два примерока, во архивата на Факултетот, и тоа еден за студентското досие на кандидатот, и еден за евиденција во рамките на конкретната насока на последипломските (мастер) студии.

## II. Подготовка на магистерскиот труд

- Магистерскиот труд е резултат на самостојна работа на кандидатот во кој се систематизираат постојните научни знаења и се придонесува за нивен натамошен развој;
- Магистерскиот труд треба да содржи минимум 40, а максимум 50 страници (од 15.000 до 20.000 зборови) не вклучувајќи ја насловната страница, страниците каде што е наведена содржината на трудот, страниците каде што е наведена користената литература и фуснотите;
- Насловот на магистерскиот труд не треба да содржи кратенки, загради, или наводници;
- Трудот треба да биде изработен во компјутерска техника, во фонт Georgia со македонска јазична поддршка, со големина на букви 12 во основен текст и проред 1,5 за основен текст и големина на буквите10 со проред 1 за текст во фусноти;
- Структурално магистерскиот труд треба да содржи:
    - воведен дел (општествена оправданост на темата, методологијата што ќе се користи, појдовни хипотези),
    - поимно определување односно основни карактеристики на институтот, проблемот или појавата што се разработува односно анализира низ теоретска елаборација,
    - компаративен преглед на решенија во законодавството на другите држави поврзани со предметот на анализа во магистерскиот труд,
    - осврт врз регулативите на Европската унија, препораки на Советот на Европа, документите на Организацијата на обединетите нации, ставовите на меѓународните судови низ нивната јуриспруденција и практика,
    - анализа на состојбата во Република Македонија - теоретски осврт,
    - емпириско истражување спроведено во судови, обвинителства, адвокатура, нотаријат, извршители, медијатори, органи на управата, државни органи и органи на локална самоуправа, банки, стопански комори, берзи и други релевантни институции во Република Македонија во зависност од обласа која е предмет на интерес,
    - заклучоци до кои кандидатот дошол во текот на подготовката на магистерскиот труд и препораки за подобрување на регулативата, практичната примена, поголеми ефекти, крајни резултати и сл.
    - ако темата на магистерскиот труд е фокусирана на анализа на случај или емпириска примена на некој правен иститут, содржината на магистерскиот труд би требало да содржи воведни напомени, опис на фактите на случајот кој ќе се анализира и причините зошто е тој избран за анализа, односно карактеристиките на институтот кои наведуваат на потреба да се согледа неговата имплементација, презентација на анализата односно истражувањето, заклучоците кои произлегуваат од сработената анализа односно истражување и предлози за измени на регулативата односно практиката de lege ferenda.

## III. Постапка за оценка и одбрана на магистерскиот труд

- Пред завршување на менторската фаза студентот е должен текстот на магистерскиот труд да го внесе во електронската база на податоци преку своето електронско досие;
- Автентичноста на текстот на магистерскиот труд го проверува референтот вработен во Канцеларијата за ЕКТС;
- Секретарите на последипломските студии ќе може преку овластениот авторизиран пристап да ги преземаат внесените магистерски трудови и да ги достават прво до менторот, а по избор на Комисијата за оценка и на членовите на оваа Комисија;
- Менторот со образложена позитивна оценка го известува Колегиумот на последипломските студии за завршената менторска фаза;
- Магистерскиот труд се доставува во три примерока во хартиена форма (вкоричен со спирали) до архивата на Факултетот за членовите на комисијата за оценка;
- По предлог на Колегиумот на последипломските студии, Наставно-научниот совет на Факултетот формира Комисијата за оценка на магистерскиот труд;
- Комисијата за оценка е должна да го прегледа трудот и на студентот писмено да му достави евентуални забелешки;
- Комисијата изготвува Извештај во кој се содржани кратки биографски податоци за кандидатот, образложение на темата и оценка на магистерскиот труд и го доставува до Наставно – научниот совет на Факултетот;
- По усвојување на Извештајот, Наставно – научниот совет формира Комисија за одбрана на магистерскиот труд;
- Пред да се закаже јавна одбрана на магистерскиот труд кандидатот е должен да достави пет примероци од конечната верзија на трудот /вкоричен во тврд повез/ и лекториран од овластен лектор до архивата на Факултетот и тоа три за членовите на комисијата за одбрана, еден за библиотеката на Факултетот и еден за Универзитетската библиотека „Св. Климент Охридски„ во Скопје;

## IV. Одбрана на магистерскиот труд

- Магистерскиот труд треба да биде одбранет најдоцна во рок од една година од денот на одобрување на темата;
- Одбраната на магистерскиот труд е јавна;
- Одбраната се закажува во рок од 15 дена од прифаќањето на Извештајот од страна на Наставно – научниот совет на Факултетот;
- Соопштение за одбрана на магистерскиот труд се објавува на огласна табла на Факултетот најмалку 7 дена пред денот на одбраната, а студентот за одбраната се известува преку пријавената електронска адреса (e-mail);

- На јавната одбрана се чита заклучокот и оценката содржани во Извештајот од Комисијата за оценка на трудот, потоа кандидатот поднесува усмено излагање на магистерскиот труд (експозе) во траење од најмногу 15 минути, по што следува поставување прашања од членовите на комисијата и давање одговори од страна на кандидатот;
- Јавната одбрана може да трае најмногу 60 минути;
- Оценувањето се врши со описни оценки: го одбрани магистерскиот труд или не го одбрани магистерскиот труд;
- За текот на одбраната се води записник;
- Записникот го води секретарот на Комисијата за одбрана, а го потпишуваат членовите на Комисијата за одбрана.

## V. Технички правила за подготовка на магистерскиот труд

- Начин на цитирање според големина на цитатот:
    - ако цитатот содржи помалку од 40 зборови (не повеќе од три реда), се ставаат наводници на почетокот и на крајот од цитатот и тој се интегрира во текстот. Бројот на фуснотата се става после наводниците;
    - ако цитатот содржи повеќе од 40 зборови, цитатот не се интегрира во текстот туку се издвојува во посебен пасус со потесни маргини од маргините на основниот текст и не се внесува во наводници. Бројот на фуснотата се става на крајот од цитатот.
- Начин на цитирање на одделни видови трудови кога тие се наведуваат за првпат:
    - учебник или монографија - презиме, име на авторот, наслов на трудот, издавач, град, година на издавање и бројот на страницата

    - Радбрух, Густав, Филозофија на правото, Правен факултет „Јустинијан Први„ Скопје, 2008 година, стр.___ ;

    - Давитковски, проф. д-р Борче и др., Право и јавно здравство, Правен факултет „Јустинијан Први„ Скопје, 2009 година, стр.___ ;

    - статија – презиме, име на авторот, наслов на статијата, назив на зборникот (збирката на трудови, текстови) каде што е објавена статијата, број на томот на зборникот, издавач, град, година на издавање, број на страница

    - Weigend, Thomas, Germany, во Criminal Procedure - A Worldwide Study, 2nd Edition, (Ed. C.M.Bradley), Carolina Academic Press, 2007, стр. 243-272;

    - Давитковски, проф. д-р Борче, Статус на организациите од јавен карактер, во Зборникот на трудови Евроинтеграција - идеи, состојби, реализација, Правен факултет „Јустинијан Први„ Скопје, 2002, стр. 153-176) ;

    - меѓународни документи (договори, конвенции, препораки) – оригиналниот назив, органзиацијата што го изготвила, година на донесување,

    - Convention on the Rights of the Child, United Nations, 1989;

- Recommendation No. R(85)11 on the position of the victim in the framework of criminal law and procedure, Council of Europe, Strasbourg, 1985;

- законски и подзаконски текстови – број на службен весник или службено гласило на државата која го донела законот
  - Закон за државните службеници, Службен Весник на Република Македонија, бр. 114/2009;
  - Zakon o krivicnom postupku Bosne i Hercegovine, (Službeni glasnik Bosne i Hercegovine, br. 3/03, 32/03, 36/03, 26/04, 63/04, 13/05, 48/05, 46/06, 76/06, 29/07, 32/07, 53/07);
  - Codice di Procedura Penale, http://www.studiocelantano.it/codici/
- користени веб страници

http://www.rechtspraak.nl/information+in+english
http://www.interpol.int/public/Region/Europe/pjsystems/Netherlands.asp
http://www.vorp.com/articles/benefits.html

- повторено цитирање – се наведува само презимето на авторот, насловот на трудот и страницата, а ако непосредно во претходната фуснота било цитирано истото дело се користи терминот ibid и бројот на страницата
- Харвардски систем на цитирање – цитатот е дел од текстот, а во заграда на крајот од цитатот се става презимето на авторот, годината на издавање на делото и бројот на страницата. Целосни податоци за цитираното дело се наведува во библиографијата на крајот од трудот.
- внесување забелешки во текстот:
  - за забелешки на крајот од страницата - во опцијата ""Insert" избирате "reference", потоа "footnote" по што автоматски впишаниот текст се внесува на крајот од страницата.
  - за забелешки на крајот од текстот - во опцијата ""Insert" избирате "reference", потоа "endnote" по што автоматски впишаниот текст се внесува на крајот од текстот.
- начин на цитирање на користената литература (библиографија)
  - се наведува на крајот од магистерскиот труд по азбучен ред според презимето на авторот
  - ја сочинуваат сите цитирани извори и за секоја цитирана единица се впишуваат целосните податоци (на ист начин како што таа се цитира кога се наведува за прв пат);
  - користените библиографски единици се наведуваат по следниов редослед: учебници и монографии, статии, меѓународни документи, законски и подзаконски акти и веб страници, при што библиографските единици мора да бидат комбинирани (1/3 книги или монографии, 1/3 статии и 1/3 користени веб страници).

## VI. Дисциплинска одговорност за плагијаторство

- Според Одлуката за измени и дополнувања на Одлуката за утврдување правила за дисциплинска одговорност на студентите коишто студираат според ЕКТС, тешка дисциплинска повреда претставува плагијаторството кое подразбира пренесување туѓ текст или туѓ магистерски труд во сопствено име.
- За утврдена дисциплинска повреда плагијаторство на кандидатот му се изрекува забрана за изработка и одбрана на магистерскиот труд којшто е плагијат.

**Анекс 1 – Образец за пријавување на магистерскиот труд**

# ПРИЈАВА
## за изработка на магистерски труд

1. Име и презиме ______________________________
2. Број на досие ______________________________
3. Електронска адреса (e-mail) ______________________________
4. Насока на последипломските студии ______________________________
5. Модул од наведената насока ______________________________
6. Наслов на темата

   ______________________________

   ______________________________

   ______________________________

7. Предлог на ментор ______________________________
8. Прилог кон пријавата:
   а. Образложение на научната оправданост
   б. План за работа (предлог содржина)
   в. Предлог литература

Датум на поднесување

______________________

Име и презиме
на подносителот

______________________

**Анекс 2 – Насловна страница на магистерскиот труд**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Универзитет „Св. Кирил и Методиј„ Скопје
Правен факултет „Јустинијан Први„ Скопје

# НАСЛОВ НА МАГИСТЕРСКИОТ ТРУД

**Кандидат:**
**Име, презиме и**
**број на досие**

**Ментор:**
**Име и презиме**

**Скопје**
**месец, година**

## Анекс 3 –Извештај од Комисијата за оценка на трудот

До
Наставно-научниот совет на
Правниот факултет "Јустинијан Први" – Скопје

Наставно-научниот совет на Правниот факултет "Јустинијан Први" - Скопје, при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" - Скопје, на седницата одржана на ___________ година, по предлог на Наставничкиот колегиум на последипломските студии на насоката __________________,формира Комисија за оценка на магистерскиот труд на кандидатот _______________________,под наслов____________________________________, во состав __________________________________________.

Комисијата во наведениот состав, го прегледа и го оцени подготвениот магистерски труд и на Наставно-научниот совет на Правниот факултет "Јустинијан Први" - Скопје му го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**1. Кратка биографија за кандидатот**

- датум и место на раѓање,
- податоци за процесот на образованието и постигнатиот просечен успех,
- податоци за практично или работно искуство,
- познавање на странски јазик(ци),
- податоци за објавени трудови.

**2. Образложение на магистерскиот труд**

Магистерскиот труд под наслов „__________________________________________", од кандидатот ___________________________содржи ________ страници компјутерски изработен текст, систематизиран во ________________ оддели/глави/, со вкупно цитирани _____библиографски единици.
(краток приказ на одделните делови од магистерскиот труд – не подолго од една страница)

**3. Заклучок и оценка на трудот**

- оценка на магистерскиот труд кој треба да биде резултат на самостојна работа на кандидатот со кој се систематизираат постојните научни знаења и се придонесува за нивен натамошен развој
- оценка на придонесот на магистерскиот труд

Имајќи го предвид понапред изнесеното, со задоволство на Наставно - научниот совет на Факултетот му предлагаме да го прифати овој Извештај и да закаже одбрана на магистерскиот труд под наслов „________________________________________" од кандидатот ___________________________.

КОМИСИЈА:
1.
2.
3.